Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## *ОД 7–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 21 ЈАНУАРИ 2016 ГОДИНА*

Изготвил
Адмир Шабани

**ЗАПИСНИК**
од седмата седница на Државната изборна комисија

Седмата седница на Државната изборна комисија се одржа на 21 јануари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 18 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов-** Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи-** Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
Добре Јанчев- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-Извештај на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153-а од Изборниот законик;

2. Предлог-Одлука за усвојување на годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2016 година на државната изборна комисија - буџетска програма 20;

3. Предлог-Процедура за користење и обработка на на лични податоци при вршење на вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденција;

4. Предлог-Меморандум за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје , и

5. Разно.

Со оглед на тоа дека немаше предлози за измена и дополнување на дневниот ред Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, истиот го стави на усвојување:

**Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.**

## Точка 1

Образложение по Предлог-Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153-а од Изборниот законик, даде Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, при што укажа дека материјалот е веќе поделен на членовите. Се констатира сека на пратеникот Емил Димитриев му престанува мандатот како пратеник со оглед на тоа дека е назначен за премиер и согласно член 153 известен е наредниот кандидат Милка Христова, која го прифатила мандатот. Државната изборна комисија подготви Предлог Извештај кој треба да биде доставен до Собранието.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на текстот на Предлог Извештајот, истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Предлог-Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно член 153-а од Изборниот законик.**

## Точка 2

Образложение за Предлог-Одлуката за усвојување на годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2016 година на државната изборна комисија - буџетска програма 20 даде Генералниот секретар на Државната изборна комисија, Добре Јанчев, кој истакна дека станува збор за редовни активности на ДИК, оваа година има предвидено буџетска програма 21 за изборните активности. Врз основа на расположливите средства кои ни се доделени од Буџетот по буџетска програма 20 во Годишниот план за јавни набавки имаме предвидено Избор на агенција за авио и останати билети, набавка на софтвер, набавка на опрема, гориво за службени потреби на ДИК и други потреби.Генералниот секретар ги наведе износите на сите набавки поединечно. Се работи за редовни активности, односно буџетска програма 20, додека за изборните активности, односно буџетската програма 21, истата ќе биде разработена по распишувањето на изборите.

Со оглед на тоа дека немаше забелешки на Предлог-Одлуката за усвојување на годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2016 година на државната изборна комисија - буџетска програма 20, истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно ја усвои Предлог-Одлуката за усвојување на годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2016 година на државната изборна комисија - буџетска програма 20.**

## Точка 3

Образложение во однос на точка 3 - Предлог-Процедура за користење и обработка на лични податоци при вршење на вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденција даде Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, кој наведе дека потребата за донесување на оваа Процедура произлезе од член 41 став 2 од Изборниот законик.

За збор се јави членот на ДИК Силвана Бонева која наведе дека ДИК веќе има ангажирано ИТ експерти и со овластување на ДИК ќе може да се добијат базите на податоци од други институции. Во Правилникот е предвиден начин на користење на личните податоци од страна на експертите кои се одбрани по предлог на четирите политички партии и еден е претставник од меѓународна организација како координатор и тие ќе имаат пристап до базите на податоци на институциите кои веќе се определени. Со консензус ДИК го утврди овој материјал на работен состанок.

За збор се јави членот на ДИК Игор Милев, кој истакна дека и на работниот состанок предложил да се формира Работна група која ќе прави анализа на потребите од законски измени, како што е Законот за лични карти. Тој укажа на член 10, односно начинот на бришење односно уништување на документи и медиуми во ДИК. Членот побара овој Правилник за начин на бришење и уништување да им биде доставен на членовите.

Државниот советник Благоја Стојковски, образложи дека Правилникот наведен во член 10 е донесен уште во 2012 година согласно Законот за заштита на лични податоци како обврска на секоја институција која располага со бази на лични податоци.

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, Предлог-Процедурата за користење и обработка на лични податоци при вршење на вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденција, истата беше ставена на усвојување.

**Комисијата ја усвои едногласно Предлог-Процедурата за користење и обработка на лични податоци при вршење на вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденција.**

**Точка 4**

Образложение во однос на точка 4 – Предлог - Меморандум за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје даде Претседателот Александар Чичаковски, кој наведе дека од страна на Мисијата на ОБСЕ до ДИК беше доставен предлог Меморандум за соработка кој го има истиот текст како и претходно во однос на формата и содржината, единствено има измена во делот на податоците за птписниците и датумот за потпишување. Промена има во делот на проектните активности во Анекс 1. Овој Меморандум ни е потребен за да може да продолжи соработката со Мисијата на ОБСЕ.

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, Предлог - Меморандумот за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно донесе Заклучок да се пристапи кон потпишување на Меморандумот за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**

Точка 5 – Разно

За збор се јави Генералниот секретар Добре Јанчев, кој одговори на Заклучокот од претходната седница за поставеното прашање на Членот на ДИК, Виолета Дума, за тоа која од политичките партии дала забелешки на Методологиите, односно на

Правилниците кои беа доставени до четирите најголеми политички партии. По направената проверка, се утврди дека навремено се доставени до сите политички партии дават Правилници на 30.12.2015 година. На 15.01.2016 година, во архивата на ДИК е примен текст на забелешки од страна на политичката партија Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ). Генералниот секретар извести дека на мејл претходно има добиено забелешки од страна на Демократската унија за интеграција (ДУИ). Тоа е се до сега што е добиено во ДИК, нема ниту други забелешки ниту писма и дописи.

За збор се јави членот на ДИК, Виолета Дума, која побара да се добие писмено известување во врска со ова прашање за редоследот на овие активности, односно која од политичките партии дала мислење по Правилниците.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, го задолжи Генералниот секретар да изготви писмена информација, односно информацијата која усмено ја даде, да ја изготви во писмена форма и да ја достави до членовите на ДИК.

За збор се јави членот на ДИК, Сашо Срцев, кој истакна дека сака да даде исправка на колешката Виолета Дума дека се работеше за барање согласност од политичките партии, а не мислење.

Членот на ДИК, Виолета Дума даде реплика дека главната поента на нејзиното барање беше да се добие одговор дали политичките партии дале одговор на барањето и потврди дека се работи за погрешен термин, односно наместо мислење дека се работи за согласност.

Членот на ДИК, Силвана Бонева истакна дека кога веќе се отвори темата за одговорите на политичките партии во однос на Правилниците, би сакала да им се апелира на политичките партии да дадат свој одговор на барањето на ДИК, како таа би можела да продолжи со својата работа.

Членот на ДИК, Вилета Дума појасни дека нејзиното барање од претходниот состанок било генерелниот секретар да даде одговор дали и кои од политичките партии дале свој одговор со оглед на фактот дека во медиумите имало информација поинаква од онаа која тие ја имале. Според неа нема потреба да се апелира до политичките партии, тоа е нивна обврска, а во интерес на Државната изборна комисија е да се добие одговор.

За збор се јави членот на ДИК, Субхи Јакупи, кој истакна дека во дадениот рок одговор дале само Демократската унија за интеграција и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија. Останатите политички партии го пробиле рокот за одговор по Правилниците.
Покрај ова, членот на ДИК, Субхи Јакупи, наведе дека во однос на изјавата на Претседателот на ДИК, дадена на 17.01.2016 година, најпрво се јавиле нејаснотии во врска со тоа дали станува збор за негов личен став или пак тоа е став на Државната изборна комисија. Имено, тој самиот дал изјава дека смета дека се работи за личен став на Претседателот, што подоцна било и потврдено.

За збор се јави членот на ДИК, Бедредин Ибраими, кој истакна дека ниедна политичка партија не ја исполни својата законска обврска да даде согласност или пак да даде образложение зошто не дава согласност на текстот. Двете методологии

им се доставени на политичките партии на 30.12.2015 година. До денес политичките партии имаат задоцнување околу 20 дена. Без разлика на тоа дали се доставени забелешки, согласност не е дадена, ниту пак некој официјален одговор. Затоа и ДИК касни со своите обврски во делот на прочистување на Избирачкиот список. Ако тие не дадат согласност, ДИК методологиите не може да ги донесе.

Членот на ДИК, Субхи Јакупи, истакна дека хронолошки е објаснето кога се забелешки доставени. Имено, Државната изборна комисија не определи рок во кој политичките партии треба да дадат согласност, тој смета дека во случај кога не е определен рок, прекутно постои согласност и Државната изборна комисија со мнозинство гласови треба да одлучува по методологиите.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими, укажа на точка 28е и 28ж од член 31 од Изборниот законик каде се спомнуваат двете методологии и каде стои дека ДИК ги усвојува со согласност на политичките партии.

Членот на ДИК, Сашо Срцев, забележа дека непотребно се отвори дискусија во врска со ова прашање, дека не било во ред што Генералниот секретар не даде воопшто писмена информација и што воопшто под точка "разно" беше ова изнесено. Според него кога ќе дојде на дневен ред ова прашање, тоа треба да се разгледа како прашање.

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**7-та седница на ДИК заврши во 18:36 часот**

**Број** 08-147/2
11.02.2016
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Чичаковски**

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*